# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (СПОРТ, ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ, РЕКРЕАЦИЈА, КИНЕЗИТЕРАПИЈА, ДРУГО) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-47/4 од 30.1.2018 година донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 30.1.2018 година, назначени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго)* на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– проф. д-р Илија Клинчаров, редовен професор на Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (претстедател);
– проф. д-р Марјан Малцев, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (член);
– проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 17.12.2017 година и на истиот во предвидениот рок се пријави еден кандидат - д-р Билјана Попеска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Билјана Попеска** е родена на 24 октомври 1981 година во Велес. Основното образование и првите две години од средното гимназиско образовани ги завршува во Свети Николе, со континуиран одличен успех. Искажувајќи ги своите афинитети кон спортот и физичката активност, следните две години од своето школување ги продолжува во средното фискултурно училиште „Методи Митевски – Брицо” во Скопје, задржувајќи го одличниот успех.

Универзитетските студии ги започнува во 2000 година кога се запишува на Факултетот за физичка култура на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката Физичко воспитание. Студиите ги завршува во 2004 година со просечен успех 9.58 стекнувајќи се со наградата најдобар студент во генерацијата 2000/2004 година и звање дипломиран професор по физичка култура. Паралелно со студиите на Факултетот за физичка култура, во 2003 година започнува со студии на Филозофскиот факултет, Институт за педагогија. Овие студии ги завршува во 2007 година со просечен успех 9.10 и стекнато академско звање – дипломиран педагог.

Магистерските студии ги започнува на Факултетот за физичка култура во Скопје на насоката Кинезиологија (применета кинезиологија – физичко воспитување). Истите ги завршува во 2009 година со просечен успех 9,66. Магистерскиот труд со наслов „Утврдување и компарирање на латентната структура на моторниот простор кај деца од 6 и 7-годишна возраст“ успешно го брани на 27.4.2009 година со што го комплетира вториот циклус на студии.

Студиите од третиот циклус ги продолжува на истиот факултет и истите ги завршува со одбрана на докторската дисертација со наслов „Развој на морфолошките и моторичките димензии кај деца од машки пол во возрасниот период од 6 и 7 години“. На 3.11.2011 година

успешно го брани докторскиот труд и се стекнува со академски степен – доктор на науки од областа на кинезиологијата.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Својата универзитетска кариера д-р Билјана Попеска ја започнува на 31.12.2007 година кога со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е ангажирана како помлад асистент на насоките Одделенска настава и Предучилишно воспитување на следните предмети: Основи на физичко образование со методика (одделенска настава), Основи на физичко воспитание со методика (предучилишно воспитување), Физичко воспитание и образование со методика 1, 2 и 3 (одделенска настава), Физичко воспитание и образование со методика 1 и 2 (предучилишно воспитување), Теорија и практика на играта како изборен предмет и Спорт и рекреација како задолжителен предмет на сите факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“. Истите предмети ги реализира и во периодот по изборот во асистент во 2010 година на истиот факултет. Во тек на работата како асистент, во 2011 година, Попеска учествува како коавтор во подготовката на „Практикум по основи на физичко образование со методика за одделенска настава“ и „Практикум по основи на физичко воспитание со методика за предучилишно воспитување“ кој го користат студентите од двете студиски насоки.

Во овој период, паралелно со академските активности како дел од личниот професионален развој и процесот на континуирано усовршување, Билјана Попеска зема учество на бројни семинари, обуки и работилници кои се тесно поврзани со нејзината област на стручен интерес, но и актуелни теми како интеркултурна комуникација, меѓуетничко разбирање, социјална правда и сл. Во 2007 година активно учествува во обука „Образование за социјална правда“ во рамките на проектот „Креативна настава и учење во организација на УСАИД“. Во 2011 година е дел од обуката за изготвување на национална програма за професионален развој за ран детски развој во организација на УНИЦЕФ и семинар во организација на ОБСЕ насочен кон развој на социјални вештини и компетенции „Social skills and responsibilities of Teachers and Professional staff in schools“. Во 2012 г. како едукатор активно учествува и придонесува во реализацијата на проектот „Во светот на децата“.

Во 2013 година со Одлука бр. 2102-215/4 од 4.7.2013 година е избрана за доцент од наставно-научната област применета кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго. Како доцент ја реализира наставата на предметите: Физичко и здравствено образование со методика 1 и 2 (одделенска настава), Физичко воспитание со методика 1 и 2 (предучилишно воспитување), Теорија и практика на играта (изборен, во програми до 2016 г.), Спорт и рекреација (универзитетски изборен предмет). Во рамките на студиите на втор циклус, д-р Билјана Попеска е вклучена во реализацијата на универзитетски специјалистички студии, модул Физичко и здравствено образование, каде што го реализира задолжителниот предмет Теорија на физичкото и здравствено воспитание и образование и изборните предмети: Теорија и практика на играта и Кинезитерапија.

Покрај наставните обврски на наведените предмети, Попеска е вклучена и во работата на бројни комисии и тела во рамките на Факултетот за образовни науки: Комисија за запишување на кандидати на втор циклус студии; Комисија за разгледување на документи на запишани и дипломирани студенти со 180 кредити за продолжување на студии; член на Работна група за изработка на Елаборат за студиски програми на прв циклус на студии; член на Работна група за изготвување инструменти за реализација на психофизичка проверка на кандидати за упис на прв циклус студии; член на Работна група за изработка на елаборат за основање на Детска градинка на ФОН; член на Организациски одбор за меѓународна научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки и други комиисии и тела.

Во наведниот период, паралелно со академските обврски и ангажмани, д-р Билјана Попеска продолжува да работи на својот професионален и личен развој во областа на методиката и педагогијата, но и во областа на спортот и рекреацијата. Во 2013 година е дел од тимот на Факултетот за образовни науки кој учествува во низа работилници за

изготвување на прирачник за практична настава за студентите на наставничките факултети „The Guidelines for Conducting Practicum Assignments for Students – Future Teachers, Educators and Pedagogues“ во организација на ОБСЕ. Во 2014 година како предавач е дел од летниот камп „Ја сакам Македонија“ во организација на Министерство за надворешни работи на Р. Македонија. Како наставник по спорт и рекреација, но и долгогодишен активен аеробик инструктор и промотор на активниот и здрав начин на живот, д-р Билјана Попеска континуирано ги надградува своите лични и професионални компетенции во делот на рекреацијата, пред сè аеробикот, преку континуирано учество на семинари, работилници и аеробик конвенции. Од учествата на бројни аеробик конвенции, како позначајни се издвојуваат учествата на работилница во организација на Федерацијата за рекреативен спорт на Македонија „HI – LOW aerobic forever (back to basics)“ и “Power of kick” (2014) и семинар на тема „HI – LOW aerobic“ и “Step aerobics” (2015).

Во периодот до избор во доцент, Попеска учествува на бројни меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, во земјава и во странство, при што објавува забележителен број на стручни и научни трудови. Севкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатката до наведениот избор во доцент е евалуирана и презентирана во рефератот за избор објавен во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бр. 104 од 17.6.2013 година. Во наведениот период, покрај научните и стручните публикации во списанија и зборници на трудови, автор е и на е-скрипта со наслов „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишна и раната училишна возраст“, наменета за студентите насоките Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Факултет за образовни науки при УГД – Штип.

Во периодот по изборот за доцент, односно по 2013 година, ја продолжува издавачката активност наменета за потребите на студентите на Факултет за образовни науки. Во 2017 година објавува скрипта со наслов „Подвижни игри“ и учебно помагало „Основи на физичко и здравствено образование - практикум“. Рецензиите за истите се објавени во Универзитетски билтен 202, од 15.12.2017. Истите се прифатени од ННС на Факултетот за образовни науки.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образоавни науки (бр. 2102-215/4 од 4.7.2013 година) д-р Билјана Попеска е избрана во звање *доцент за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија и друго)* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

**Објавени трудови во меѓународни научни списанија во последните пет години 2013-2017**

| Р. бр. | Автор на трудот | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списание |
|---|---|---|---|---|
| | Mitevski,O., Mitevska-Petruseva, K., & **Popeska, B.** (2017). | Perspectives of students - Future natural sciences teachers regarded teacher’s role as educator. | *Contemporary Educational Researches Journal*, *7*(3), 96-105. https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18867#t | 9th World conference of education (WCES 2017), 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Popeska,B**., Dimkov, T., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017). | Students interests for wrestling and other martial arts and possibilities for their implementation in physical and health education primary school curriculum. | *Research in Kinesiology, 45* (2). 148-151. https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18865#t | **FSPRM 2016 45** |
| | **Popeska, B**., Ignatov, G., & Sivevska, D. (2017). | Gender differences in participation and use of leisure time between Macedonian and Bulgarian students at Teaching Faculties. | *Activities in Physical Education and Sport*, *7*(2), 185-188. http://eprints.ugd.edu.mk/18862/ | **FSPRM 2016 7** |
| | Sivevska, D., & **Popeska, B**. (2017) | The extracurricular activities and their impact on leisure time of the young. | *International Journal Knowledge, 16* (4), 1540-1547. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18861#t | **8** |
| | **Popeska, Biljana** and Jovanova-Mitkovska, Snezana (2017) | Traditional games in primary school curriculum | International Journal Knowledge, 16 (4). pp. 1548-1555. ISSN 1857-923X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18860 | **8** |
| | Ilieva, I; **Popeska, B**., Ignatov, G., & Sivevska, D. (2017). | Motives for enrollment in sports activities of students from pedagogic faculties from Bulgaria and Macedonia. | Nautical And Management Science, XX (2), 35-39. ISSN 2392-8956 http://eprints.ugd.edu.mk/18855/ | **20** |
| | Sivevska, D., **Popeska, B**., Gregorc, J., & Ignatov, G. (2017) | *Leisure time activities of students at teaching faculties from three countries.* | New Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 3 (1). 452 -462. ISSN 2421-8030 http://eprints.ugd.edu.mk/18063/ | **3** |
| | **Popeska, B.**, Barbareev, K., Janevik-Ivanovska, E., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017) | *Students' interest for sport and recreation at Goce Delcev University - Stip, depending the selected Faculty.* | New Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 3 (1). pp. 439-451. ISSN 2421-8030 http://eprints.ugd.edu.mk/18072/ | **8th World conference of education (WCES 2016), Madrid Spain** |
| | Petrovska, S., Sivevska, D., & **Popeska, B**. (2016). | Key Aspects of Teacher Quality – National and International Documents. | NASHS 2015, Central and Eastern European LUMEN Conference 11 – 13 September, 2016. *New Approaches in Social and Humanistic Sciences*, 411 – 416, http://eprints.ugd.edu.mk/16241/ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Popeska, B**., & Mitevski, O. (2016). | Compatibility between motor ability of seven year old children with physical education contents noted in national physical education curriculum for second grade. | *Activities in Physical Education and Sport*, *6* (1), 143-150. http://eprints.ugd.edu.mk/17147/ | |
| | **Popeska, B**., Jovanova–Mitkovska,S., Dimkov,T.,& Smilkov, N. (2016) | Conditions and perspectives of university sport in Macedonia and other Balkan countries with emphasis of Goce Delcev University in Stip. | International Journal Knowledge Vol. 13.3 pp. 417 – 42 ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17193 | **8** |
| | **Popeska, B.**, & Jovanova–Mitkovska, S. (2016) | Integration and correlation between the contents of teaching subjects - physical education and society in primary teaching. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 12.1, pp. 57-63. ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17194 | **8** |
| | Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B**. (2016). | Inclusiveness - an indicator for quality education, | International Journal Knowledge, pp.29-32, vol.12.1, ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17195 | **8** |
| | Jovanova – Mitkovska, S., & **Popeska, B**. (2016) | Management with time, academic obligation and possibilities for active break for the teaching staff at the Faculty of educational sciences at Goce Delcev University in Stip-Macedonia. | Activities in Physical Education and Sport, 6(2), 257 – 260. http://eprints.ugd.edu.mk/17148/ | **6** |
| | **Popeska, B.**, & Jovanova–Mitkovska, S. (2016) | Integration and correlation concepts in physical education. | *Research in Kinesiology, 44*(2), 257 – 261 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17151 | **44** |
| | Mitevska – Petrusheva, K & **Popeska, B**. (2016). | Establishing the relation between teacher and student in a context of realization of educational role - opinions of student's future physical education teacher. | *Research in Kinesiology, 44*(2), 262 – 266. http://eprints.ugd.edu.mk/17150/ | **44** |
| | **Popeska, B**.,& Sivevska, D . (2016). | Sport activities and interests for sport during leisure time at students of Faculty of educational sciences, University Goce Delcev in Stip. | *International Journal Knowledge Vol. 13.3*, pp. 443 – 448, ISSN 185792 http://eprints.ugd.edu.mk/16262/ | |
| | **Попеска, Б,** Јованова-Митковска, С. (2015) | Воспитно-образовните вредности на спортско – рекреативните екскурзии наменети за студентите. | Просветно дело - Списание за педагошки прашања, 3, стр.57-73 ISSN 0350-6711 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15459 | **62** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Попеска, Б**. (2015) | Карактеристики на моторичкиот развој на децата во рана училишна возраст. | *Просветно дело - Списание за педагошки прашања*, 2, ISSN 0350-67 | **62** |
| | **Popeska, Biljana** and Jovanova-Mitkovska, Snezana and Barbareev, Kiril (2015) | Manifestation, Measurement and Assessment of Balance in 7 Years Old Children. | Research in Kinesiology, 1 (43). pp. 115-121. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13274 | **43** |
| | Mitevski, Orce and **Popeska, Biljana** and Jovanova-Mitkovska, Snezana (2015) | Manifestation, Assessment and Development of Precissenes At 7 Years Old Children. | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 197. pp. 2276-2284. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13754 | |
| | **Popeska Biljana**, Barbareev Kiril & Janevik – Ivanovska Emilija (2015). | Organization And Realization of Univesrity Sport Activities in Goce Delcev University - Stip. | Procedia – *Social and Behavioral Sciences, 197*. p.p. 2293 – 2302. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13753 | **WCES** |
| | **Popeska, Biljana**, Mitevski, Orce, Jovanova-Mitkovska, Snezana & Sivevska, Despina (2015) | Battery of tests for evaluation of motor abilities at 7 years old children. | *Личност, мотивация, спорт, 20*. pp. 280-293. ISSN 978-954-718 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14497 | **20** |
| | Mitevski Orce, **Popeska Biljana**, Sivevska Despina & Jovanova-Mitkovska, Snezana | (2015*) Precissenes at 6 years old children – manifestation, assessment and development*. | *Личност, мотивация, спорт, 20*. pp. 265-279. ISSN 978-954-718 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14496 | **20** |
| | Zivkovic Vuica, Asani Kenan, Mladenovska Elizabeta, **Popeska Biljana** & Filiposki Oliver (2015). | Relations Between the Longitudinal Dimensionality of the Skeleton, the Mass and the Volume of the Body and the Repetative Strength in the Students of First Year. | *Research in Physical Education, Sport and health, 4*(1). pp.3 – 6. ISSN 1857-8160. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13755 | **4** |
| | **Popeska, B** & Mitevski, O. (2015). | Motor abilities of six years old children. | *Research in Kinesiology,* 2(43).198-204. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15160 | **43** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Popeska, B (2014)** | Development changes in motor space at 6 and 7 years old children. | *Research in Kinesiology* 2014, Vol. 42, No. 2, pp. 215 – 220 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12160 | **42** |
| | **Popeska, B** & Jovanova-Mitkovska, **S.** (2014). | Draft Batery of Tests for Evaluation of Motor Abilities at 6 Years Old Children | Research in Kinesiology, 4 (1). pp. 15-21. ISSN 1857 – 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12162 | **7** |

**Објавени трудови во меѓународни публикации (зборници од меѓународни конференции)**

| | Автор на трудот | Наслов на трудот | Меѓународна публикација |
|---|---|---|---|
| | Jovanova-Mitkovska, Snezana and **Popeska, Biljana** (2014) | Multiculturalism and interculturalism in education. | Proceedings of 9 th International Balkans Educaion and Science Congress, pp. 895-902 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12200 |
| | Jovanova-Mitkovska, **Snezana**, **Popeska, Biljana** & Smilkov Nikola (2015). | Practical teaching at the faculty of educational sciences-sometimes, today at future | “Practicum of future pedagogue’s teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges”: 27-29 November, 2014, Skopje. - Skopje: Faculty of Philosophy, 2015. pp 101-114 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15248 |
| | Jovanova, Mitkovska, S, & **Popeska, B.** (2015) | Compatibility of preschool and primary schoool curricula in R. Macedonia | Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција Образованието во XXI век, 24-25 септември 2015, Штип: pp. 366-375, ISBN 978-608-244-275-4, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15163 |
| | Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B.** (2016) | Correct time management - condition for greater efficiency | In Proceeding book of 10th International Balkan Education and Science Congress on the topic of “Educatıon and globalızatıon”. (pp. 269-277). ISSN ISBN 978-9989-823-64-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17197 |
| | Sivevska, D., Pesova., & **Popeska, B.** (2016). | Students’ Attitudes Toward Lifelong Learning. | In Proceeding book of 6th International Conference LUMEN 16 - 19 April, 2015, Rethinking Social Action Core Values (pp. 1215 - 1220), Lasi: Romania. http://eprints.ugd.edu.mk/16202/ |
| | **Popeska, B.,** Sivevska, D., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017). | Working experience of teachers as a predictor for effective use of ict in physical education teaching process. | In: *9th International Scientific Conference “Modern Tendencies in Physical Education and Sport”,* 10 November, 2017, Department of Sport, Sofia University, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/18883/ |
| | **Popeska, B.,** Klincarov, I., Mitevski, O., & Nikovski, G. (2017) | Common obstacles in realization of physical education teaching process in primary education in Republic of Macedonia. | In: *12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education*, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg. (pp. 56) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18868#t |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Popeska, B.**, Jovanova-Mitkovska, S., & Sivevska, D. (2017). | Implementation of technology in physical education teaching process based on teachers experiences | I*n: BRICESS 2017 - BRICESS Inagural Conference of Exercise and Sport Science*, 29 Nov - 2 Dec, 2017, Santos, Brazil. http://eprints.ugd.edu.mk/18872/ |
| | Klincarov, I., **Popeska, B.**, Kovac, M., Starc, G., & Mileva, E. (2017). | Comparative study on the state and the status of primary physical education in Macedonia, Slovenia and Bulgaria | 12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg. (pp. 89) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18870#t |
| 10. | Mileva, E., Klincarov, I., **Popeska, B.,** Kovac, M., & Starc, G. (2017) | Tendencies in the development of school physical education in Bulgaria, Macedonia and Slovenia. | *In: International Scientific Congress "Applied Sports Sciences*", 1-2 Dec 2017, Sofia, Bulgaria (pp. 359 - 363) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18877#t |
| **11.** | **Popeska, B.,** Klincarov, I., MIleva , E., & Nikovski, G. (2017). | Education of physical education teachers in primary school level in Macedonia and Bulgaria. | In: *First International Scientific Congress "Applied Sports Sciences" Of The National Sports Academy – Sofia,* 1 - 2 December, 2017, National Sport Academy - Sofia, Bulgaria.(pp.375 - 379) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=E |

***Евалуација на начните и стручните трудови објавени во последниот изборен период***

Mitevski, O., Mitevska-Petruseva, K., & **Popeska, B.** (2017). Perspectives of students - Future natural sciences teachers regarded teacher's role as educator. *Contemporary Educational Researches Journal*, *7*(3), 96-105. In 9th World conference of education (WCES), Nice, 2017. https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18867#t

Трудот ги анализира ставовите на студентите идни наставници по природодни науки за воспитнатата улога на наставникот и разликите кои се јавуваат меѓу испитаниците од различен пол во однос на детерминирањето и исполнувањето на оваа улога. Заклучоците упатуваат на препознавање на вредноста и значењето на воспитната улога на наставникот и формите на нејзиното воспоставување, иако е забележителна доминација на ориентацијата кон пренесувањето на знаењата наспроти воспитното делување.

**Popeska, B**., Dimkov, T., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017). Students interests for wrestling and other martial arts and possibilities for their implementation in physical and health education primary school curriculum. *Research in Kinesiology, 45* (2). 148-151. http://eprints.ugd.edu.mk/18865/

Целта на овој труд е да се утврдат ставовите и мислењата на учениците од основно образование за физичкото и здравствено образование т.е. нивниот став кон одделните спортови, пред сè борењето, боречките вештини и позитивниот ефект и придобивки кои можат да ги имаат од вклучувањето во истите. Истражувањето е реализирано на примерок од 918 ученици. Согласно со добиените резултати, предложени се неколку форми за имплементација на овој спорт во моменталната наставна програма по ФЗО.

**Popeska, B**., Ignatov, G., & Sivevska, D. (2017). Gender differences in participation and use of leisure time between Macedonian and Bulgarian students at Teaching Faculties. *Activities in Physical Education and Sport*, *7*(2), 185-188. http://eprints.ugd.edu.mk/18862/

Трудот претставува елаборација на различните начини и форми на користење на слободното време меѓу студенти – идни наставници на наставничките факултети на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и Софискиот универзитет „Св.Климент Охридски",

Р. Бугарија. Истражувањето е реализирано на примерок од 211 испитанци со примена на посебно изготвен прашалник. Разликите во однос на пол меѓу двете групи студенти се утврдени со примена на компаративна статистика. Разлики се утврдени во неколку параметри меѓу кои изборот на спорт, неделната вклученост во физичка активност, претходно образование и сл.

Sivevska, D., & **Popeska, B**. (2017). The extracurricular activities and their impact on leisure time of the young. *International Journal Knowledge, 16*(4), 1540-1547. ISSN1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18861#t

Предмет на анализа во трудот се воннаставните активности на учениците и нивната улога во структурирано и планско користење на слободното време на децата во одделенска настава. Трудот ги анализира различните форми на воннаставни активности, со посебен акцент на спортско-рекреативните активности и улогата што ја имаат во намалување на негативните ефекти од современиот начин на живот и придонесот кој го имаат во креирањето на здрава и комплетно развиена личност.

**Popeska, B., &** Jovanova-Mitkovska, S. (2017). Traditional games in primary school curriculum. *International Journal Knowledge, 16*(4). pp. 1548-1555. ISSN 1857-923X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18860

Како составен дел на културното и национално богатство на еден народ, аворите низ една теоретка и емпириска елаборација настојуваат да укажат на нивото значење, улога и на можностите за нивна имплементација во едукативниот процес.

Ilieva, I; **Popeska, B**., Ignatov, G., & Sivevska, D. (2017). Motives for enrollment in sports activities of students from pedagogic faculties from Bulgaria and Macedonia. *Nautical And Management Science, XX* (2), 35-39. ISSN 2392-8956 http://eprints.ugd.edu.mk/18855/

Предмет на овој труд се мотивите за вклучување во спортски активности во тек на слободното време на студентите. Основната цел е да се утврдат разликите во мотивите меѓу студентите на Педагошките факултети во Штип, Софија и Русе за вклучување во спортски активности во слободното време, како и одредување на критериумите за избор на соодветна спортска активност. Истражувањето е реалзиреано на примерок од 408 студенти. Добиените резултати се анализирани со примена на дескриптивна и компаративна статистика.

Sivevska, D., **Popeska, B**., Gregorc, J., & Ignatov, G. (2017). Leisure time activities of students at teaching faculties from three countries. *New Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 3*(1). 452 -462. ISSN 2421-8030. http://eprints.ugd.edu.mk/18063/

На примерок од 354 испитаници од три различни земји, Македонија, Словенија и Бугарија, е реализирано истражување кое има за цел да ги утврди разликите меѓу студентите во количината на расположливо слободно време и формите и начините за користење на истото. Разликите меѓу трите групи испитаници се утврдени со примена на анализа на варијанса АНОВА. Согласно со добиените резултати, разлики се добиени во количината на расположливо слободно време, изборот на активности во слободното време, како и понудените содржини од страна на универзитетите.

**Popeska, B.**, Barbareev, K., Janevik-Ivanovska, E., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017). *Students' interest for sport and recreation at Goce Delcev University - Stip, depending the selected Faculty. New Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 3* (1). pp. 439-451. ISSN 2421-8030. 8th World conference of education (WCES 2016), Madrid Spain. http://eprints.ugd.edu.mk/18072/

Проблемот со универзитетскиот спорт, неговата поставеност, организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е предмет на анализа на овој труд. Презентираните резултати од реализираното истражување на примерок од 670 испитаници студенти од прва година и пресметаните статистички показатели укажуваат на разлики поврзани со изборот на тековни и можни активности, број на недлени часови по спорт, теоретски предавања. Авторите упатуваат на можностите за идни интервенции во тековниот курс и неговото дизајнирање, согласно со потребите и интересите на оваа популација.

**Popeska, B.,** Klincarov, I., MIleva , E., & Nikovski, G. (2017). Education of physical education teachers in primary school level in Macedonia and Bulgaria, In: *First International*

*Scientific Congress "Applied Sports Sciences" Of The National Sports Academy – Sofia,* 1 - 2 December, 2017, National Sport Academy - Sofia, Bulgaria (pp.375 - 379). https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=E

Иницијалното образование на идните одделенски наставници кои ќе реализираат физичко образование и предметнмите наставници по ФЗО се основен предмет на елаборација во трудот. Истиот има цел да направи анализа и споредба на иницијалното образование на идните наставници во Р. Македонија и Р. Бугарија од аспект на нивната подготовка за реализација на ФЗО. Опфатени се различните испитни барања за студентите, бројот на часови по семетар, како и бројот на часови за реализација на практичната настава.

Mileva, E., Klincarov, I., **Popeska, B.,** Kovac, M., & Starc, G. (2017). Tendencies in the development of school physical education in Bulgaria, Macedonia and Slovenia. *In: International Scientific Congress "Applied Sports Sciences*", 1-2 Dec 2017, Sofia, Bulgaria (pp. 359 - 363) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18877#t

Целта на овој труд е да ги утврди основните елементи во системот на физичко образование во три балкански земји – Бугарија, Македонија и Словенија. Анализата е направена врз основа на следниве клучни елементи: статусот на физичкото образование во образованиот систем, наставни програми, професионални квалификации на наставниците, услови за реализација на наставниот процес по ФЗО и др. Анализата ги посочува позитивните искуства и примери, но и ги нотира проблемите во секоја од анализираните земји. Дадените насоки и сугестии се однесуваат на подобрување на професионалните квалификации на одделенските наставници и соодветен професионален развој на предметните наставници.

Klincarov, I., **Popeska, B.**, Kovac, M., Starc, G., & Mileva, E. (2017). Comparative study on the state and the status of primary physical education in Macedonia, Slovenia and Bulgaria12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg. (pp. 89). https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18870#t

Состојбата со статусот, поставеноста, organзиацијата и реализацијата на предметот Физичко и здравствено образование во основното образование во Словенија, Македонија и Бугарија се основен предмет на интерес на овој труд. Анализа на документација и компаративна анализа се користени како метод во истражувањето. Забележителни се резлични пристапи во реализацијата на наставниот процес по ФЗО во основното образование. Резултатите ги истакнуваат позитивните искуства во секоја од анализираните земји кои можат да се применат во креирање на образовните политики и законските регулативи во останатите земји.

**Popeska, B.**, Jovanova-Mitkovska, S., & Sivevska, D. (2017). Implementation of technology in physical education teaching process based on teachers experiences. I*n: BRICESS 2017 - BRICESS Inagural Conference of Exercise and Sport Science*, 29 Nov - 2 Dec, 2017, Santos, Brazil. http://eprints.ugd.edu.mk/18872/

Комбинирањето на технологијата и наставата по физичко воспитание може да биде начин да се мотивираат учениците само доколку истата правилно се применува. Клучен фактор во овој процес е наставникот. Целта на истражувањето е да се утврдат искуствата и пристапите на одделенските наставници и наставниците по ФЗО во однос на примената на ИКТ во наставниот процес, како и да се утврдат разликите меѓу двете групи. Примерокот вклучува 174 наставници. Добиените резултати укажуваат на разлики меѓу двете групи, односно поголема примена на ИКТ и поголема флексибилност и отвореност кон технологиите на одделенските наставници во однос на предметните насатвници по ФЗО.

**Popeska, B.,** Klincarov, I., Mitevski, O., & Nikovski, G. (2017). Common obstacles in realization of physical education teaching process in primary education in Republic of Macedonia. In: *12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education*, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg. (pp. 56) https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18868#t

Трудот ги елаборира најчестите проблеми и пречки со кои се соочуваат наставниците во процесот на реализација на наставата по ФЗО во основното образование. Истражувањето е реализирано на примерок од 65 одделенски наставници и 30 предметни наставници по ФЗО. Добиените резултати покажуваат дека најчести проблеми со кои се соочуваат

наставниците се недостатокот на просторни и материјалните услови, проблеми поврзани со реализација на одредени содржини од програмата, како и различен однос и приоритети дефинирани од менаџерската структура во училиштата.

**Popeska, B.,** Sivevska, D., & Jovanova-Mitkovska, S. (2017). Working experience of teachers as a predictor for effective use of ict in physical education teaching process. In: *9th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport",* 10 November, 2017, Department of Sport, Sofia University, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/18883/

Кога станува збор за примена на технологијата во настава по ФЗО, годините на работно искуство на наставникот се интересен аспект за анализа. Цел на овој труд е да се утврдат разликите во пристапите за користење на технологијата во наставата по ФЗО зависно од годините на стаж на наставниците. Разликите се утвтрдени со примена на т – тест. Согласно со добиените резултати, разлики се забележуваат единствено во користењето на интернет платформи и подготовката на наставниците за користење на технологија во тек на нивното иницијално образоваание.

Petrovska, S., Sivevska, D., & **Popeska, B**. (2016). Key Aspects of Teacher Quality – National and International Documents. NASHS 2015, Central and Eastern European LUMEN Conference 11 – 13 September, 2016. *New Approaches in Social and Humanistic Sciences*, 411 – 416, http://eprints.ugd.edu.mk/16241/

Во трудот е направена теоретска елаборација на степенот на стандардите и критериумите кои се користат за одредување на квалитетот на работата на наставниците во Република Македонија и девет земји членки на ЕУ. Споредбата е направена преку анализа на информациите презентирани на ATEE conference, 2009. Анализата покажува позитивен тренд во креирањето на Европски модел за развој на наставниците, како и недостаток на точно утврдена рамка преку која се одредува квалитетот на работата на наставникот.

**Popeska, B**., & Mitevski, O. (2016). Compatibility between motor ability of seven year old children with physical education contents noted in national physical education curriculum for second grade. *Activities in Physical Education and Sport*, *6* (1), 143-150. http://eprints.ugd.edu.mk/17147/

Целта на овој труд е да ја утврди компатибилноста меѓу моторичките способности на децата на седумгодишна возраст и наставната програма по ФЗО за второ одделение, преку анализа на моменталната наставна програма по ФЗО и утврдената структура на моторичкиот простор кај децата на 7-годишна возраст. Структурата на моторичкиот простор е утврдена со примена на факторска анализа на резултатите добиени од применетата батрерија од 33 моторички тестови наменети за процена на девет различни моторички способности. Добиените резултати покажуваат одредени сличности. Можности за збогатување и подобрување на моменталната наставна програма постојат во делот на имплементација на содржини кои се насочени кон развој на прецизност, координација, агилност и рамнотежа.

**Popeska, B**., Jovanova–Mitkovska, S., Dimkov, T., & Smilkov, N. (2016). Conditions and perspectives of university sport in Macedonia and other Balkan countries with emphasis of Goce Delcev University in Stip. International Journal Knowledge Vol. 13.3 pp. 417 – 42 ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17193.

Во трудот е направена споредбена анализа на застапеноста на универзитетскиот спорт во Р. Македонија и други балкански држави. Анализата е насочена кон поставеноста и организацијата на универзитетскиот спорт, законските регулативи за истиот. Врз основа на добиените резултати од анализата, предложени се мерки за унапредување и развој на спортот на универзитетите.

**Popeska, B.**, & Jovanova–Mitkovska, S. (2016). Integration and correlation between the contents of teaching subjects - physical education and society in primary teaching. Knowledge - *International Journal, Scientific and Applicative Papers, 12.1 (*57-63). ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17194

Предмет на анализа на овој труд се интеграциско-корелациската поврзаност на содржините од физичко и здравствено образование и општество како пристап кој овозможува поефикасно усвојување на знаењата и нивна ефикасна примена во секојдневниот живот. Анализирани се и презентирани резултати од анализата на наставните планови и програми. Предложени се модели за нивна корелација, меѓупредметна и меѓусодржинска интеграција.

Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B**. (2016). Inclusiveness - an indicator for quality education. *International Journal Knowledge,* vol.12.1,(29-32), ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17195.

Предмет на анализа на наведениот труд е подготвеноста на учителите (наставниците, воспитувачите) за имплементација на инклузивното образование, нивната подготвеност за поддржување на различните потреби на сите деца, нивниот капацитет за реализирање на т.н. инклузивна пракса. Презентирани се резултатите од квалитативно истражување, како и предлози и сугестии за потребата од понатамошна работа насочена кон постигнување на поуспешни резултати на тоа поле.

Jovanova – Mitkovska, S., & **Popeska, B**. (2016). Management with time, academic obligation and possibilities for active break for the teaching staff at the Faculty of educational sciences at Goce Delcev University in Stip-Macedonia. *Activities in Physical Education and Sport, 6*(2), 257 – 260. http://eprints.ugd.edu.mk/17148/

Современиот начин на живеење, постојаната физичка неактивност „немањето време“, потребата од правилно менаџирање со истото, користењето на т.н. активни паузи, во насока на сочувување на сопственото физичко и ментално здравје на високошколските наставници се предмет на теоретска и емпириска елаборација во овој труд.

**Popeska, B.**, & Jovanova–Mitkovska, S. (2016). Integration and correlation concepts in physical education. *Research in Kinesiology, 44*(2), 257 – 261 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17151

Интеграциско-корелациskиот концепт, неговата промоција во насока на обезбедување на услови и можности за холистички развој на единката се нешто кон коешто се стремиме во образовната пракса. Во трудот се презентирани можности за имплементација на овој концепт, имајќи го предвид физичкото и здравственото воспитание и образование во одделенска настава.

Mitevska – Petrusheva, K & **Popeska, B**. (2016). Establishing the relation between teacher and student in a context of realization of educational role - opinions of student’s future physical education teacher. *Research in Kinesiology, 44*(2), 262 – 266. http://eprints.ugd.edu.mk/17150/

Воспитната улога и работа на наставникот во голема мера е условена од личните ставови на наставникот, но и од воспоставената релација наставник – ученик изградена во тек на наставната пракса. Трудот има за цел да ги утврди ставовите на студентите – идни наставници по физичко и здравствено образование за значењето на воспитната улога на наставникот и формите за нејзина реализација. Истражувањето е реализирано на примерок од 59 студенти на Факултетот за физичко образование во Скопје. Добиените резултати ујкажуваат на позитивни ставови на студентите кон воспитната работа и условеност на истата од личноста, ставовите и личните карактеристики на секој наставник.

**Popeska, B**., & Sivevska, D. (2016). Sport activities and interests for sport during leisure time at students of Faculty of educational sciences, University Goce Delcev in Stip *International Journal Knowledge Vol. 13.3*, pp. 443 – 448, ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/16262/

Примерок од 128 студенти на сите насоки и години на студии беа вклучени во истражувањето кое има за цел да го утврди интересот на студентите за спорт во слободно време и да се направи анализа во однос на полот. Добиените резултати укажуваат на различни интереси меѓу студентите и студентките во однос на изборот на спорт во слободното време, различен интерес за активности на отворен и затворен простор, мислењата за значењето на спортот во слободното време, како и разлики во однос на неделниот број на часови за слободно време.

Sivevska, D., Pesova., & **Popeska, B.** (2016). Students’ Attitudes Toward Lifelong Learning. In Proceeding book of 6th International Conference LUMEN 16 - 19 April, 2015, Rethinking Social Action Core Values (pp. 1215 - 1220), Lasi: Romania. http://eprints.ugd.edu.mk/16202/

Потребата за континуирано, доживотно учење е еден од императивите на новото време. Трудот ги анализира разликите меѓу студентите од различен пол во однос на нивните ставови и образование за доживотно учење, како и условеноста на овие ставови од полот, годината на студирање и образованието на родителите.

Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B.** (2016). Correct time management - condition for greater efficiency. In Proceeding book of 10th International Balkan Education and Science Congress on the topic of "Educatıon and globalızatıon". (pp. 269-277). ISSN ISBN 978-9989-823-64-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17197

Современиот начин на живот, новата организациска структура на различни институции вклучувајќи ги и образовните ја поставуваат индивидуата во една поинаква, различна од вообичаената ситуација, ситуација во која тој мора успешно да управува со време, простор, ресурси, со цел да постигне повисоки резултати од своето работење, како и надминување на бројните проблеми кои можат да се јават, како замор, незадоволство, Burnout синдром и сл. Во трудот се елаборира проблемот со управување со времето, презентирани се и модели за негово управување во насока на поголема ефикасност во работење на единката, институцијата.

Ignatov, G., **Popeska, B.,** Sivevska, D., & Ilieva, I. (2016). *The role of the University as a factor for organizing the leisure time of students from Teaching Faculties of Sofia University St.Kliment Ohridski, Goce Delcev University in Stip, Macedonia and Ruse University Angel Kancev.* In: Modern tendencies in physical education and sport, 11 Nov 2016, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/17162/

Универзитетот има значајна улога во организацијата на слободното време на студентите, пред сè од аспект на понуда на различни содржини и активности. Оваа улога на универзитетот е предмет на анализа на овој труд кој има за цел да направи споредба во мислењата на студентите од три наставнички факултети на универзитетите во Штип, Софија и Русе. Добиените резултати ја потврдуваат важноста на универзитетот за квалитетот на слободното време на студентите пред сè од аспект на бројот на понудените содржини, нивниот карактер и разновисност, но и достапноста на сите студенти. Покрај утврдените недостатоци за истражуваниот проблем, дадени се и предлози и сугестии за надминување на истите и обезбедување на поголем квалитет во иднина.

Јованова-Митковска, С., & **Попеска, Б. (**2016). Ефективната, ефикасна соработка со родителите - предизвик за наставникот во современото училиште. Во Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", 7.10.2016, (стр. 29 - 36), Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" ISBN 978-608-244-365-2 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17250

Партнерството, негувањето на соработката е предизвик за секој наставник кој се обидува да го трасира патот кон изнаоѓање на услови, облици, средства за постигнување на конструктивна соработка на релација семејство-воспитно-образовна установа. Токму соработката, можностите и начините за воспоставување на ефикасна, ефективна соработка на овие релации е предмет на елаборирање во трудот.

**Попеска, Б.,** Јованова-Митковска, С., (2016). Имплементација на Brain Break во училиштата во Република Македонија и претставување на искуствата во меѓународни рамки. Во Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", 7.10.2016, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" стр. 83-89, ISBN 978-608-244-365-2 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17249

Во трудот е даден приказ на имплементацијата на Hop Spot Brain Break активностите во две училишта во Р. Македонија. Презентирани се фазите низ кои минува имплементацијата, досегашните резултати од примената на истата, како и крајната идеја ширење на мрежата за негова имплементација во насока на подобрување на здравјето и општата благосостојба преку здрав и активен начин на живеење.

Туфекчиевски, А., Поповски, З., **Попеска, Б.,** Димовски, В., Ацески, А., ФДукоски, Г., & Кироска, Е. (2016) *Упатство за планирање на спортски активности кај деца од предучилишна возраст. Кондиција, 4*. pp. 1-15. ISSN 1857-9620. http://eprints.ugd.edu.mk/17154/

Интегралниот приод и изборот на соодветни содржини е од суштинско значење за правилниот антрополошки развој на детето. Примарно значење во раната детска возраст имаат физичките вежби кои треба да бидат прецизно испланирани со што ќе се обезбеди позитивен ефект врз сите антрополошки карактеристики, вклучувајќи го и интелектуалниот развој. Во текстот се дадени препораки за моторни активности кај деца до шестгодишна возраст.

**Попеска, Б**. (2016) *Можностите на училницата за реализација на настава по физичко и здравствено образование*. Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој“, стр 83 – 92, 02 Oct 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/17246/

Училницата претставува место за реализација на најголем дел од воспитно-образовните активности во училиштето. Иако наставата по физичко и здравствено образование примарно се реализира во спортска сала или на отворено, во исклучителни случаи училницата може да биде место каде што ќе се реализираат одредени содржини по ФЗО. Токму можностите на училницата како место за реализација на овие содржини се разработени во овој труд. Даден е приказ на активности кои се реализираат во училницата надвор од редовната настава по ФЗО со цел зголемување на степенот на физичка активност на децата, но и можностите на училницата како алтернативен простор за реализација на наставата по ФЗО.

**Попеска, Б,** Јованова-Митковска, С. (2015). Воспитно-образовните вредности на спортско-рекреативните екскурзии наменети за студентите. *Просветно дело - Списание за педагошки прашања, 3,* стр.57-73 ISSN 0350-6711 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15459.

Организацијата на оваа значајна форма на воспитно-образовна работа на сите степени на образование, нејзината имплементација на универзитетско ниво е предмет на елаборирање на овој труд. Резултатите од реализираното емириско истражување се во насока на истакнување на потребата од организација на ваков тип екскурзии, а предложени се и начини на нивна имплементација во студиските програми на наставниките факултети.

**Popeska, B.,** Jovanova-Mitkovska, S., Barbareev, K. (2015). Manifestation, Measurement and Assessment of Balance in 7 Years Old Children. *Research in Kinesiology, 1* (43). pp. 115-121. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13274.

Трудот ја анализира рамнотежата кај деца на седумгодишна возраст. Во истиот е направена теоретска елаборација на факторите кои ја условуваат манифестацијата на рамнотежата кај деца, факторите од кои зависи нејзиниот развој, но и методите за нејзина проценка и развивање. Авторите на овој труд, врз основа на резултатите од реализирано истражување, базирано на примена на батерија на тестови за испитување на манифестацијата, мерењето и рамнотежата кај деца од седумгодишна возраст, упатуваат на примена на најсодветните тестови со високи метриски карактеристики насочени кон детално следење и утврдување на манифестациите на оваа способност.

1. Mitevski, O., **Popeska, B., &** Jovanova-Mitkovska, S. (2015). Manifestation, Assessment and Development of Precissenes At 7 Years Old Children. *Procedia - Social and Behavioral Sciences, 197*. pp. 2276-2284. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13754.

Трудот дава теоретска елаборација на факторите кои ја условуваат прецизноста и ја одредуваат нејзината манифестација кај деца на седумгодишна возраст. Паралаелно со ова, преку примена на соодветна батерија на тестови наменета за следење и процена на различните типови преецизност, со примена на прецизни статистички постапки ги утврдуваат метриските карактеристики на тестовите за проценка на прецизноста како моторичка способност. Резултатите од истражувањето се во насока на коригирање на постојните тестови, нивно унапредување и предлог на конкретни тестови со задоволителни мерни карактеристики.

**Popeska B.**, Barbareev, K.,1 & Janevik – Ivanovska E. (2015). Organization and Realization of University Sport Activities in Goce Delcev University - Stip. Procedia – *Social and Behavioral Sciences, 197*. p.p. 2293 – 2302. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13753

Трудот ја прикажува поставеноста на спортските активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како комплетно интегриран универзитет. Истиот ја анализира и прикажува работата на Универзитетскиот спортски центар и неговите области и форми на делување и работа. Опфатени се неколку сегменти на делување и анализа, вклучувајќи ја наставата по спорт и рекреација, спортско-рекреативните активности на студентите, активностите во насока на универзитетскиот натпреварувачки спорт, учеството на бројни домашни и меѓународни натпревари и слично. Даден е осврт на бројот на вклучени студенти, менаџирањето, но и насоки за иден развој.

**Popeska, B.**, Mitevski, O., Jovanova-Mitkovska, S., & Sivevska, D. (2015). Battery of tests for evaluation of motor abilities at 7 years old children. *Личност, мотивация, спорт, 20*. pp. 280-293. ISSN 978-954-718 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14497

Во трудот се прикажани резултати од истражување кое има за дел процена на моторичките способности кај деца на 7-годишна возраст. Истражувањето е реализирано на примерок од 123 испитаници. Применети се 33 моторички тестови за проценка на девет различни моторички способности. Утврдени се мерните карактеристики: дискриминативност, релијабилност, валидност и репрезентативност. Согласно со добиените резултати, 12 моторички тестови покажаа задоволителни мерни карактеристики во однос на сите анализирани параметри и истите се препорачани за натамошна примена.

Mitevski O, **Popeska B.**, Sivevska D., Jovanova-Mitkovska, S. (2015*) Precissenes at 6 years old children – manifestation, assessment and development*. *Личност, мотивация, спорт, 20*. pp. 265-279. ISSN 978-954-718 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14496

Манифестацијата и проценката на прецизноста кај деца на шестгодишна возраст, како и можностите за нејзин развој преку содржините во наставната програма по ФЗО за прво одделение, се предмет на анализа на наведениот труд. Прецизноста е утврдена со примена на 6 моторички тестови. Со примена на соодветни статистички постапки, утврдено е дека сите тестови имаат добра валидност и слаба репрезентативност. Предложени се три теста со задоволителни мерни карактеристики соодветни за натамошна примена. Препорачани се соодветни содржини од програмата по ФЗО преку кои може да се развива прецизноста кај децата во прво одделение.

Zivkovic, V., Asani, K., Mladenovska, E., **Popeska, B.,** & Filiposki, O. (2015). Relations Between the Longitudinal Dimensionality of the Skeleton, the Mass and the Volume of the Body and the Repetative Strength in the Students of First Year. *Research in Physical Education, Sport and health, 4*(1). pp.3 – 6. ISSN 1857-8160. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13755

Истражувањето е реализирано на примерок од 123 студенти од прва година на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Целта е да се утврди поврзаноста и влијанието на лонгитудиналната димензионалност, волуменот и масата на телото на манифестацијата на репетативната снага. Релациите и влијанието на наведените параметри се утврдени со примена на регресивна анализа.

**Popeska, B** & Mitevski, O. (2015). Motor abilities of six years old children. *Research in Kinesiology, 2*(43).198-204. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15160

Трудот ја истражува структурата на моторичкиот простор на децата на шестгодишна возраст. Истата е утврдена со примена на батерија од 33 моторички тестови. Применетата факторска анализа укажува на изолирање на 10 латентни димензии именувани како: брзина, координирани и експлозивни движења, реализација на брзи движења со нозете, статичка рамнотежа, снага на предната страна на трупот, рацете и рамењата, прецизност со водење, флексибилност, снага на задната страна на трупот, рацете и рамењата, прецизност со фрлање и еден недефиниран фактор. Изолираните фактори се тесно поврзани и условени од развојните карактеристики на децата и специфичните промени во дадената возраст.

Petrovska, S., Sivevska, D., **Popeska, B**., & Runceva, J. (2015). *Application of ICT in teaching in secondary schools in the Republic of Macedonia*. Book of Selected Papers, Symposium: ICT in Education, 5. pp. 87-97. ISSN 978-953-7210-83-0 http://eprints.ugd.edu.mk/14929/1/5_simpozij.pdf

Трудот ја истражува примената на ИКТ во средните училишта во Република Македонија. Вклучени беа 109 наставници од 4 средни училишта. Истражувањето опфаќа три сегменти: подготвеност на наставниците за примена на ИКТ технологија во наставата, разлики во примената во однос на возраста на наставниците и мислењето за примената на ИКТ во наставата. Резултатите покажуваат дека годините на старост, личниот интерес на наставникот и желбата за личен ангажман за следење на технологиите и примена на истите се клучни во примената на ИКТ во наставата.

Ignatov, G., **Popeska, B**., & Sivevska, D. (2015). *Sports activities during leisure time of the students from Sofia University St. Kliment Ohridski, Bulgaria and Goce Delcev University in Stip, Macedonia*. In: The 7th International Scientific Conference in Alma Mater “Modern trends of physical education and sport”, 13-14 Nov 2015, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/15224/

Трудот ги елаборира и анализира резултатите од истражување спроведено на 294 студенти на педагошките факултети во Штип и во Софија. Истражувани се мислењата

на студентите за значењето на физичката активност, степенот на физичка активност во минатото споредено со периодот на студии, вклучување во спортски активности во тек на слободното време. Добиените резултати укажуваат на малку расположливо време за спортски активности во слободното време, но и малку слободно време, намалување на степенот на физичка активност споредено со претходните периоди на образование, но и позитивно развиена свест за потребата и значењето на физичката активност.

**Popeska, B**., Sivevska, D., & Ignatov, G. (2015). *Comparison of leisure time between students of teaching faculties in Macedonia and Bulgaria with emphasis on sport activities*. In: International academic conference- Researching Paradigms of Childhood and Education, 13–15 Apr 2015, Zagreb, Croatia. http://eprints.ugd.edu.mk/14766/1/1_simpozij.pdf

Разликите меѓу студентите на педагошките факултети на универзитетите во Штип и во Софија во однос на расположливото слободно време, формите на користење на истото, како и вклучувањето во спорт за време на слободното време се цел на истражување во овој труд. Резултатите од применетете т – тест и F – тест покажуваат разлики во однос на количината на расположливо слободно време, различна понуда на содржини, разлики во достапните спортски актовности во слободно време, но и различен интерес за актовностите. Дадени се препораки за унапредување на овој сегмент од студентскиот живот.

Jovanova, Mitkovska, S, **Popeska, B.** (2015). Compatibility of preschool and primary school curricula in R. Macedonia. Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција Образованието во XXI век ,24-25 септември, 2015, Штип: pp. 366-375, ISBN 978-608-244-275-4, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15163

Споредбената анализа на програмите во насока на темелно разбирање на нивните сличности и разлики, во насока на нивно подобрување и олеснување на вертикалната мобилност на децата, учениците од предучилишното кон основното образование е предмет на проучување во овој труд**.**

2. Jovanova-Mitkovska, S.„ **Popeska, B.,** Smilkov, N. (2015). Practical teaching at the faculty of educational sciences-sometimes, today at future"Practicum of future pedagogue's teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges": 27-29 November, 2014, Skopje. - Skopje: Faculty of Philosophy, 2015. pp 101-114 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15248

Во трудот низ теоретска елаборација на поставеноста, третманот и имплементацијата на практичната настава на наставничките факултети од 1994-2014 година, авторите ги презентираат и своите визии, планови за нејзиниот третман во сегашноста, иднината.

**Popeska, B.** (2015). *Ставовите на наставникот и личните афинитети – детерминанти за ефикасна реализација на физичкото воспитание*. Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Наставникот - некогаш, денес, утре". pp. 72-89. ISSN ISBN:978-608-244-116-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15175

Ставовите како предиктор на однесувањето и активностите на луѓето и личните афинитети и интереси, како компоненти на личноста на наставникот, се едни од клучните фактори за ефикасната реализација на воспитно-образовниот процес. Во трудот се разработени ставовите и интересирањата на воспитувачите и наставниците во однос на физичката активност како детерминанти на успешното планирање, организирање и реализирање на насочената активност по физичко воспитание, односно наставата по ФЗО, но и на одговорноста и улогата што ја има наставникот како модел на децата, во креирањето на навики за здрав и активен живот, реализирањето на целите и задачите на физичкото воспитание, во насока на формирање на комплетна и сестрано развиена личност.

**Popeska, B.** (2015) *Компетенции на наставниците од аспект на физичкото образование*. Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој ан учителот во 21 век". pp. 71-79. ISBN 978-608-244-245-7http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1517\

Промените во сите сегменти на општественото живеење во изминатите години резултираа со бројни промени во сегментот на образованието. Денешното современо општество е општество базирано на знаења. Оттука, стекнувањето на знаењата во процесот на иницијалното образование, различните форми на формално и неформално образование и афирмација на концептот на доживотно учење се едни од основните

определби во сите образовни реформи. Сите тие ја актуализираат улогата на наставникот како носител на воспитно-образовниот процес и севкупниот воспитно-образовен систем, односно прашањето за компетенциите на наставникот на „новото време“. Во трудот се презентирани основните професионални компетенции на наставниците, анализирани од аспект на наставникот по ФЗО.

Пешова, Б., **Попеска, Б.,** Сивевска, Д. (2015). *Карактеристики на (не)успешен наставник*. Научно-стручна трибина, на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре“, Факултет за образовни науки, УГД, Штип, 4 Oct 2013, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14789

Успешноста или неуспешноста на наставникот е релативна определба која зависи од контекстот (пред сè временски) во кој наставникот работи, односно во кој се одвива воспитно-образовниот процес. Цел на овој труд е преку анализа на улогите кои ги имал наставникот некогаш и денес, барањата кои се поставувале пред него некогаш и она што од него се очекува денес да го утврдиме профилот на успешен наставник како императив на педагошката професија и основна определба во работата со студентите – идни наставници.

**Popeska, B (2014)**. Development changes in motor space at 6 and 7 years old children, *Research in Kinesiology* 2014, Vol. 42, No. 2, pp. 215 – 220. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12160

Целта на трудот е да ги утврди развојните промени во моторичкиот простор кај децата во период од една година. Реализираното истражување има лонгитудинален карактер и во него се опфатени вкупно 246 испитанции во иницијално и финално мерење. Применетата мултиваријантна анализа MANOVA и t – test укажуваат на подобри нумерички постигнувања на сите тестови на 7-годишна возраст, додека статистички значајна разлика е утврдена на 27 од применетите 33 теста. Овие резултати укажуваат на позитивни и континуирани развојни промени во истражуваниот период.

**Popeska, B.,** Jovanova-Mitkovska, S. (2014). Draft Batery of Tests for Evaluation of Motor Abilities at 6 Years Old Children. *Research in Kinesiology, 4 (*1). pp. 15-21. ISSN 1857 – 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12162.

Во трудот се презентирани резултати од испитување реализирано на примерок од шестгодишни испитаници во Р. Македонија со намера да се испитаат метриските карактеристики на батерија тестови наменети за проценка на моторичките способности кај децата од шестгодишна возраст. Врз основа на резултатите од испитувањето се предлага батерија од 16 теста кои ги задоволуваат метриските карактеристики за евалуација на моторичките способности кај децата на оваа возраст.

Попеска, Б., **Јованова-Митковска, С.** (2014) Како до бољег холистичког приступа у едукацији предшколске дјеце? *Наше стварање*, Зборник радова са 10. Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку“, 28-29 March 2014, Сокобања, Србија, бр.14, стр. 150-163, URL. http://media.vsvaspitacka.edu.rs/2017/10/Nase-stvaranje-14.pdf, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12170

Предмет на анализа во трудот се програмите за остварување на воспитно-образовната дејност во предучилишните установи, нивната усогласеност со стандардите за развој во раното детство, конкретно се анализирани образовните подрачја природа и општество како централно подрачје чии содржини се база, основа за интеграција и корелација со други образовни подрачја и програмите од ФЗО. Во трудот се презентирани и конкретни примери за корелација и интеграција на наведените подрачја.

Jovanova-Mitkovska, S., **Popeska, B.** (2014). Multiculturalism and interculturalism in education. Proceedings of 9 th International Balkans Educaion and Science Congress, pp. 895-902 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12200.

Како клучни компоненти на квалитетното обарзование, мултикултурализмот и интеркултурализмот и нивната имплементација во образовниот процес се предмет на проучување во овој труд. Реализираното проучување, т.е. анализираните наставни планови и програми, конкретно анализираните цели, содржини и очекувани резултати на конкретни наставни предмети во одделенската настава и врз тие основи изведените заклучоци одат во правец на понуда на предлози и решенија кои се однесуваат на јакнење на овие суштински чинители на квалитетното образование.

Mitevski, O., Popeska, B., & Mitevska Petruseva, K. (2014). *Determination and Evaluation of Flexibility at 7 Years Old Children*. In: 1st International Scientific Conference Research in Physical Education, Sport and Health, 30-31 May 2014, Ohrid, Republic of Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/12246/

Флексибилноста кај децата на седумгодишна возраст, конкретно нејзината манифестација, проценката и можностите за развој преку содржините во наставната програма по ФЗО за второ одделение се предмет на анализа на наведениот труд. Флесибилноста е утврдена со примена на 3 моторички тестови. Со примена на соодветни статистички постапки утврдено е дека сите тестови имаат добри мерни карактеристики и се препорачуваат за натамошна примена.

Asani, K., **Popeska, B.,** Filiposki, O., & Mladenovska, E. (2014). *Attitudes of the students about the subject Sport and recreation at the Faculty of Tourism and business logistics in Skopje, University Goce Delcev*. In: International Scientific Conference Research in Physical Education, Sport and Health, 30-31 May 2014, Ohrid, Republic of Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/12248/

Во трудот се презентирани резултати од истражување кое има за цел да ги утврди ставовите на студентите од прва година на Факултетот за туризам и бизнис логистика на УГД во однос на настава по предметот Спорт и рекреација, содржините кои ги нуди, формите на реализација и сл. Во истражувањето се вклучени 339 испитанци. Резултатите покажуваат позитивен став кон овој тип на настава како и предлози кои произлегуваат од искажаните мислења на студентите.

Janevik-Ivanovska, E., Sterjova, M., & **Popeska, B**. (2014). *Performance-Enhancing Drugs: A New Reality in Sport and A Real Show ground for Pharmacists*. In: Proceedings book of 9th FIEP European Congress and 7th International Scientific Congress: Sport, Stress, Adaptation, (pp. 102 - 108) Physical Education and Sport - Competences for Life, 9 - 12 Oct 2014, National Sports Academy "Vassil Levski", Sofija, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/11486/

Во трудот е направен осврт и опис на можностите и задолженијата на фармацевтите во однос на допинг контролата во спортот, како и приказ на информации и извори на лекови и суплементи популарни меѓу спортистите наменети за подобрување на спортската изведба. Во трудот се истакнува улогата на фармацевтите во личната едукација, но и улогата која ја имаат во информирањето и едукацијата на спортистите при сугерирање на суплементи базирано на индивидуалните потреби на секој спортист и различен спорт.

**Popeska, B.,** Janevik-Ivanovska, E., Barbareev, K., Jovanova-Mitkovska, S. (2014). *Sport and recreation activities at the "Goce Delcev" University Shtip, Republic of Macedonia - differences in students opinions for its realization in dependence on certain characteristics*. In: Proceedings book of 9th FIEP European Congress and 7th International Scientific Congress: Sport, Stress, Adaptation, (pp. 210 - 217) 9-12 Oct 2014, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/11467/

Трудот ги анализира разликите меѓу студентите од различен пол во однос на нивните ставови и мислења за реализација на наставата по спорт и рекреација на Универзитеот „Гоце Делчев" во Штип. Во истражувањето се вклучени 670 испитаници од 13 факултети. Ставовите на студентите се утврдени со примена на посебно креиран прашалник. Резултатите покажуваат разлики меѓу студентите и студентките во однос на местото на реализација на наставата, фреквенцијата на нејзината застапеност, преферираn спорт од понудената програма и посакуван спорт кој не е во програмата. Добиените резултати се насоки за подобрување на наставата и збогатување на наставната програма со нови содржини согласно интересот на студентите.

Sivevska, D., **Popeska, B.** (2014). *Opinions of primary education teachers of possibilities for inclusion of children with special education need upon regular physical education teaching process*. In: Шеста международна научна конференция "Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта", (pp. 164 - 175), 07-08 Nov 2014, Софийският Университет „СВ. Климент Охридски", Департаментът по спорт, София, Бугарија. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11907

Во трудот се презентирани резултати од истражување реализирано со одделенски наставници кои во своите одделенија имаат деца со посебни образовани потреби. Целта

на истражувањето е да се утврдат ставовите на наставниците во однос на можностоите кои ги нуди часот и наставата по ФЗО од аспект на инклузија на деца со ПОП. Добиените резултати претставуваат насоки за идни активности во насока на соодветен избоир на содржините по ФЗО, соодветна организација, обезбедување помош и поддршка, но и можност за мотивација за учество на децата со ПОП и позитивен однос на останатите деца кон нив.

Митевска – Петрушева, К., **Попеска, Б**. (2014). *Појава на синдромот на професионално согорување кај наставниците*. Во Меѓународна научно - стручна конференција Современо воспитание и образовани - „Состоби, предизвици и перспективи“ (стр. 75 - 80), мај 2014, Штип, Република Македонија. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12280

Трудот претставува теоретска елаборација на синдромот на професионално согорување кај наставниците, познат уште како burnout. Познавањето на неговата суштина, факторите кои доведуваат до оваа појава, симптомите преку кои се манифестира, како и знаењата за начините на превенција, може да придонесе да се намали изложеноста на наставниците на стрес, а со тоа да се влијае и врз намалување на можноста за појава на професионално согорување.

**Попеска, Б.,** Митевска-Петрушева, К. (2014). *Реализација на наставата по физичко и здравствено образование преку примена на нестандардни справи и реквизити*. Во зборник на трудови: Научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование: состојби, предизвици и перспективи“, 14 мај, стр: 87 – 94, Штип: Р.Македонија http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12282

Во трудот се презентирани нестандардни средства, односно справи и реквизити кои може успешно да се применат во реализацијата на содржините по физичко воспитание. Детално е објаснета нивната примена во реализацијата на наставните содржини по ФЗО, со што се олеснува наставниот процес и се овозможува надминување на проблемите кои се поврзани со недостатокот на технчка опрема и реквизити.

Резултатите од истражувачките активности и својата стручно-научна работа, кандидатката д-р Билјана Попеска ги споделува и презентира преку активно учество на бројни меѓународни симпозиуми, конференции, конгреси и трибини во земјава и во странство. За учеството на истите има приложено соодветни потврди и сертификати. Учествата, хронолошки се прикажани во продложение. Истите го опфаќаат периодот од последниот избор, 1.7.2013 година до крај на 2017 година.

1. 17th Symposium on Sport And Physical Education of Youth, Federation of Sport Pedagogues of Macedonia, 20 – 21 September, 2013, Ohrid, Republic of Macedonia (сертификат).
2. Научно-стручна трибина „Наставникот – некогаш, денес, утре“. 4.10.2013, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (сертификат).
3. Прва меѓународна конференција „Социо-културните проблеми и современи предизвици“, 18 – 19.10.2013, Тетово, Државен универзитет во Тетово, Филозофски факултет (сертификат).
4. 5th International Scientific Conference “Modern Trends of Physical Education and Sport”, Department of Sport, Sofia University “St. Kliment Ohridski” -Sofia, Bulgaria, 8 and 9 November, 2013. (сертификат).
5. Югозападен Университет „Неофит Рилски” Факултет по педагогика, Катедра Педагогика, 22 ноември, Благоевград, Р. Бугарија.
6. Научни скуп „Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (педагошким) факултетима“, 6.12.2013 Врање, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању. (сертификат).
7. International Scientific Conference “Effects of Physical Activity Application to Anthropological Status with Children, Youth and Adults”, 11 – 12.12.2013 Belgrade, Republic of Serbia, University of Belgrade, Faculty of Sport and Physical Education. (сертификат).
8. X Симпозијум са међународним учешћем „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу.

9. Научно - стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование: состојби, предизвици и перспективи“, 14 мај, Штип, Р.Македонија (сертификат).
10. 2th International conference on “Research and Education – Chalenges towards the future ICRAE, 2014”, 30 – 31 May, 2014, Shkoder, Albania. (сертификат).
11. 1st International Scientific Conference Research in Physical Education, Sport and Health, Faculty of Physical Education, Sport and Health, Skopje, 30 – 31 May, Ohrid, Republic of Macedonia. (сертификат).
12. 18. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите, Федерација на спортските педагози на Република Македонија, 26 – 27 септември 2014 година, Охрид, Република Македонија. (сертификат).
13. Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“ во организација на Факултет за образовни науки, УГД, 3 октомври, Штип, Р. Македонија. (сертификат).
14. 9th FIEP European Congress, Physical Education and Sport – Competences for Life, 7th International Scientific Conference”Sport, Stress and Adaptation”, 9 – 12 October, 2014, National Sport Academy “Vasil Levski”, Sofia, Bulgaria. (сертификат).
15. 9th International Balcan Education and Science Congress, 16 – 18 October, 2014 in Trakya University, Faculty of Education, Edirne –Turkey. (сертификат).
16. 6$^{th}$ International Scientific Conference “Modern trends of physical education and sport”, 7 – 8$^{th}$ November, 2014, Sofia University, Sofia, Bulgaria. (сертификат).
17. International Conference “Practicum of Future Pedagogues, teachers and Kindergarten teachers in Multicultural Enviornments – Experiences and Challenges”, 27 – 29 November, 2014, Skopje, Macedonia. (сертификат).
18. XX юбилейна научна конференция „Личност. Мотивация. Спорт“, 11 – 12.12.2014 година, Национална Спортска академия „Васил Левски“ – София, Бугарија. (сертификат).
19. 7th World Conference on Educational Sciences, (WCES-2015), 05-07 February 2015, Novotel, Athens Convention Center, Athens, Greece.
20. International Scientific Conference “Research Paradigms of Childhood and Education”, The Faculty of Teaching Education, University in Zagreb, 13 – 15 April, 2015, Opatija, Croatia.
21. 6 th LUMEN International Scientfic Conference “Rethinking Social Action. Core Values”. 16 – 19 April, Romania.
22. 13$^{th}$ International Scientific Conference for Sport and Youth, 17 – 18 April, Veles, Federation of Sport Pedagogues of Macedonia. (сертификат).
23. Central and Eastern European LUMEN Conference: New Approaches in Social and Humanistic Sciences: LUMEN NASHS 2015, 11 – 13 September, Chisinau, Moldova.
24. 19$^{th}$ Scientific Conference for Sport and Youth and Physical Education of Youth, 18 – 19 September, Ohrid, Federation of Sport Pedagogues of Macedonia. (сертификат).
25. 10$^{th}$ International Balkan Congress on Education and Science “EDUCATION AND GLOBALIZATION” 17 - 19 September, 2015, Ohrid, Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridski” – Skopje (сертификат)
26. International Scientific Conference in the field of physical education “Fundamentals of motorical literacy in early childhood development “, in Skopje Republic of Macedonia (20.IX.2015) (сертификат).
27. International Scientific Conference “Education in the 21$^{st}$ Centry – Conditions and Perspectives” 24 – 25 September, Stip, University Goce Delcev, Faculty of Educational Sciences. (сертификат).
28. NASHS 2015, Central and Eastern European LUMEN Conference, 11 – 13 September, 2016 Romania.
29. Научно – стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој“, 02.10.2015 година, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (сертификат).
30. 4$^{th}$ Biennial International Scientific Congress “Economic analyses of global trends in tourism, finances, education and management”, 10.10.2015, University of Tourism and management in Skopje, Macedonia. (сертификат).

31. 7th International Scientific Conference in Alma Mater, in Alma Mater, "Modern Trends of Physical Education And Sport, Department for sport", Sofia: University St. Kliment Ohridski. (сертификат).
32. 8th World conference of education (WCES 2016), 4 – 8 February, 2016, University of Alcala, Madrid Spain.
33. First International Scientific Conference "FILKO"- Philology, Culture and Education, 18 – 18 March, 2016, Stip, Macedonia. (сертификат).
34. 8th International Scientific Conference "Knowledge without borders", 8- 10.04.2016 Bansko, Bulgaria. (сертификат).
35. 15th International Scientific Conference for Sport and Youth, 8 – 29, April,2016, Veles, Macedonia, Federation of sport pedagogues of Macedonia.
36. Global Forum 2016 for physical Education Pedagogy "Technology, Networking and Best Practice in Physical Education and Health: Local to Global" Hacettepe University, Ankara, Turkey, 2016.
37. 9th International Scientific Conference "Knowledge without borders", 17-19.06. Dures, Albania.
38. Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", 7.10.2016, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев".
39. Юбилейна международна научна конференция Усъвършенстване на подготовката и квалификацията на педагогическите специалисти в съвременното образование, 25–26 Nov 2016, Университетски център „Бачиново".
40. International Conference on Sport Pedagogy, Health, and Wellness (ICSPHW) 18 - 21 November, 2016, Manila: The College of Human Kinetics of the University of the Philippines. (сертификат).
41. 9th World conference of education (WCES 2016), 1 – 4 February, 2017, University of Nice Sophia Antipolis- Nice, France.
42. *12th International Scientific Conference "Knowledge without borders", 31 March – 02 April, Vrnjacka Banja, Republic of Serbia*. (сертификат).
43. IVt International Scientific and Practical Conference "Promotion of healthy lifestyles: traditions and innovation", 6- 7 April, 2017, Belgorod, Russia (сертификат).
44. 7th World Conference on Educational Technology Researches, WCETR, 2017, 20 – 22 April, 2017 Pristina, Kosovo. (сертификат).
45. *12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education*, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg.
46. 20th Science Symposium on Sports and Physical Education of Youth, Federation of sport pedagogues of Macedonia, 9 – 30 September 2017– Ohrid, Macedonia.
47. *9th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport",* 10 November, 2017, 10.11.2017. Department of Sport, Sofia University, Sofia, Bulgaria (сертификат).
48. *BRICESS 2017 - BRICESS Inagural Conference of Exercise and Sport Science*, 29 Nov - 2 Dec, 2017, Santos, Brazil. (сертификат).
49. International Scientific Congress "Applied Sports Sciences", 1- 2 December, 2017. National Sport Academy "Vasil Levski" – Sofia, Bulgaria (сертификат).

Покрај учествата на наведените конференции, конгреси, симопозиуми и трибини, за одбележување се учествата на:

– Global Forum 2016 for physical Education Pedagogy "Technology, Networking and Best Practice in Physical Education and Health: Local to Global" одржано во период 26 – 28 мај 2016 во Анкара, Турција и
– CEREPS Summit, 27 – 29th June, 2017, Brussels.

На глобалниот форум за физичко образование GoFPEP, 2016 Попеска учествува како национален претставник на Република Македонија и како дел од програмата Future Leader Vollonteer. Покрај претставување со видеопрезентација, зема активно учество во работните групи и дискусии на темите на форумот, претставувајќи ја состојбата и искуствата од Република Македонија. http://www.globalpeforum2016.hacettepe.edu.tr/fl.php

На CEREPS Summit учествува како член и национален претставник на Република Македонија во асоцијацијата CEREPS. На самитот се претставува со презентација на тема „After school programs in primary education in Republic of Macedonia". Зема активно учесво во дискусиите на предложената тема, како и во расправите за идните насоки и активностите на CEREPS.

Презентираниот опус на објавени публикации во бројни списанија во земјава и во странство, зборници на трудови од конференции, како и многубројните учества на конференции, симпозиуми, трибини, самити и конгреси се показател за плодната научно-стручна и истражувачка работа на кандидатката, д-р Билјана Попеска во изборниот период од 2013 до 2017 година. Наведените учества укажуваат на интензивна и забележителна меѓународна активност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Дел од професионалната активност на кандидатката, односно стручно-апликативната работа на д-р Билјана Попеска е ориентиран и кон учество во бројни проектни активности во областа на физичкото образование, спортот, наставничките компетенции и сл. Во различни улоги и со различни задачи и одговорности учествува во следниве меѓународни проекти: Second round of HOPS OLS Brain Break Research (2015 – 2017) Implementation of Brain Breaks in Macedonian schools – учество како координатор на истражувачкиот тим од Р. Македонија; Erazmus + proect: Te(a)chIn Sport, Co-funded by the Erasmus+ program of the European Union – координатор на националниот проектен тим на РМ; Erzamus+proect „Identify the best practices across physical education teacher education programemes: A European perspective" – соработник во дел од проектните активности. Како помошник истражувач е дел од два истражувачки проекти на Факултетот за образовни науки: „*Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи*" и „*Компетенциите на воспитувачите за интеркултурна комуникација*". За учествата во наведените проекти има доставено соодветни потврди, документи или поставено официјални линкови од проектите.

Во изборниот период од 2013 до 2017 година, д-р Билјана Попеска се јавува како ментор на повеќе од 15 дипломски трудови на студенти од Факултетот за образовни науки. Во приближно ист број дипломски работи учествува како член во комисија за одбрана.

Покрај менторирањето на студенти од првиот циклус на студии, д-р Попеска е вклучена и во работата со студенти на втор циклус студии. Во 2017 година е ментор на еден еден магистриран студент од втор циклус студии на Факултетот за образовни науки, студент на насоката Менаџмент во образованието.

Дел од активностите на кандидатката д-р Билјана Попеска се ориентирани и кон академска промоција на Факултетот за образовни науки и областа која е нејзин предмет на интерес. Истото го остварува преку учество како член на организациски и уредувачки одбор на симпозиуми и конференции; модератор на сесии на научни конференции и симпозиуми; член и рецензент на уредувачки одбор на списанија. Потврда за овој тип на ангажман е приложената документација. Во продолжение се презентирани конкретните активности:

***Модератор на сесии на меѓународни научни конференции, симпозиуми, трибини:***

- *12th FIEP European Congress Changes in Childhood and Adolescence: Current Challenges for Physical Education*, 13.09 - 16.09.2017, Luxemburg, University of Luxemburg.
- *BRICESS 2017 - BRICESS Inagural Conference of Exercise and Sport Science*, 29 Nov - 2 Dec, 2017, Santos, Brazil. FIEP
- 20 – th Science Symposium on Sports and Physical Education of Youth, Federation of sport pedagogues of Macedonia, 9 – 30 September 2017– Ohrid, Macedonia.
- *Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија"*, 7.10.2016, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"
- International Scientific Conference "Education in the 21st Centry – Conditions and Perspectives" 24 – 25 September, Stip, University Goce Delcev, Faculty of Educational Sciences (Session:physical education, art and music )

- 14th International Scientific conference, 22 – 23 April, 2016, Veles, Macedonia
- 13th International Scientific Professional Conference "Current situation of physical education and sports activities in class teaching" 17th and 18th April, 2015, Veles, Macedonia.

***Член на организациски одбор на конференции***
- Член на меѓународен научен комитет на 9. Меѓународна научна конференција „Модерни трендови во физичкото образование и спортот" 9th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport", Department of Sport, Sofia University, Sofia, Bulgaria.
- Член на научен одбор (Scientific committee) *на International Scientific Conference in the field of physical education "Fundaments of motorical literacy in early childhood development"*
- Член на организациски одбор на Internationa scientific conference of the Faculty of educational sciences, 24 – 24 september, 2015, Stip, Macedonia.

***Член на уредувачки одбор во списанија, зборник на трудови***
- Член на уредувачкиот одбор во списанието *Research in Kinesiology.*
- Член на научниот одбор во списанието *Activities in Physical Education and Sport*.
- Член на уредувачки одбор (Editorial Board – International Advisory Board) на списанието *Physical Education, Sport, Kinesitheraphy Research Journal*- ISSN 2534-8620 (Online).

***Рецензент на трудови во меѓународно списание***
- Рецензент во списанието *Research in Kinesiology*.
- Рецензент во списанието *Activities in Physical Education and Sport*.
- Рецензент на трудови во зборник на трудови од 1st Simposoim: Kinesiological Education – the present and the future. Faculty of teacher education, University of Zagreb, Croatia. 13 – 15.04.2015, Opatija, Croatia.

Во делот на стручно-апликативна дејност, д-р Попеска е активна преку членства во бројни меѓународни асоцијации и федерации кои делуваат во европски, но и светски рамки и чија активност е насочена кон промоција и развој на физичкото образование, рекреацијата, промоцијата на физичката активност и активен и здрав начин на живот. Во продолжение се членствата во бројните асоцијациии и федерации, презентирани согласно со приложената листа на документи како потврда за истото.

- Член на програмата Future Leader Volonteers, на позиција Senior Future Leaders, Co – head leader, одговорна за промоција на здрав и активен начин на живот меѓу младите преку физичка активност.
- Национален претставник во Федерацијата за промоција на здрав и активен живот и холистички пристап во развојот (T*he Federation for Global Community Health*). Како национален претставик е одговорна за промоција на физичката активност со вклучување на целата општествена заедница и промоција на G – 17 целите на Обеднетите нации (UN).
- Член и помошник национален делегат (assistant national delegate) на Интернационалната асоцијација за физичко образование (FIEP).
- Член и национален претставник во Conseil Europeen des recherché en education physique et sportive (CEREPS).
- Член и национален претставник во European Primary Physical Education Network (EPPEN).

Нејзината научна и стручна активност е препознаена и наградена со меѓународна награда, златен медал **Gold medal** за најдобар постер и усна презентација во рамките на натпреварот меѓу FLV во рамките на BRICSS Concil of Exercise and Sports Science "Sports Mega Events and Health Promotion: Policies and Legacies in Exercise and Sports Science". Наградата ја доделува BRICS Concil of Exercises and Sport Science (BRICSCESS). Истата се доделува за препознаени заложби за промоција на квалитет на живот преку физичка

активност и спорт во рамките на земјите од BRICS (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужна Африка), но и остатокот од светот.

Покрај стручно-апликативната дејност, кандидатката д-р Билјана Попеска има плодна и интензивна организациска и развојна дејност. Нејзината активност во овој сегмент се одвива пред сè од позиција на одговорно лице, односно управител на Универзитескиот спортски центар при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на која позиција е поставена во 2014 година со одлука на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ (0402-17/25). Оваа позиција ја извршува и денес. Во рамките на активностите во Универзитетскиот спортски центар активно се вклучува во организацијата, планирањето и реализацијата на сите спортски настани на Универзитетот; ја координира и организира реализацијата на наставата по спорт и рекреација на Универзитетот; учествува во организацијата и координацијата на бројни спортски настани и активности во домашни и меѓународни рамки. Како претставник на Универзитетскиот спортски центар на УГД е вклучена во активностите на Универзитетската спортска федерација на Република Македонија. Како претставник на УСЦ, покрај во организацијата на бројни спортски настани во РМ Попеска учествува како организатор и координатор на студентските екипи на УГД на бројни меѓународни спортски натпреварувања. (Меѓународен студентски турнир во одбојка на плажа во Лозанец, Р. Бугарија во 2014 и 2015 година; Универзитетски спортски игри „Спорт фест 2015“, Истанбул, Р. Турција, 2015 година; Универзитетски натпревари PCU games, Антверпен, Белгија, 2016 во организација на Меѓународниот Олимписки Комитет).

Покрај наведените активности, Попеска е долгогодишен активен аеробик инструктор. На овој начин, делувајќи во сферата на рекреативната физичка активност за поширококата популација, делува како промотор на здравиот и активен начин на живот промовирајќи ја физичката активност не само во рамките на образовниот систем, туку и во рамките на секојдневиот живот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија („Службен весник на Р. Македонија, бр, 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 13/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 20/16, 120/16 и 127/16), Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 година) и распишаниот Конкурс, а врз основа на севкупната активност и постигнати резултати на кандидатот д-р Билјана Попеска, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Билјана Попеска ги исполнува критериумите за избор во звање вонреден професор.

Анализата на приложените документи кои се однесуваат на научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност покажуваат дека кандидатката д-р Билјана Попеска е одговорен, коректен и креативен наставник вклучен во бројни наставни, стручни и организациски активности на Факултетот за образовни науки и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев“. Прикажаните резултати од научноистражувачката работа покажуваат дека станува збор за посветен, креативен и методолошки коректен научен работник кој активно истражува и твори во неколку значајни и меѓусебно тесно поврзани сегменти на кинезиологијата. На овој начин, како и преку нејзината интензивната меѓународна активност и членства во бројни еминентни асоцијации од областа на кинезиологија, д-р Билјана Попеска дава значаен продонес во промоција на физичкото воспитание, спортот и физичката активност воопшто. Наведените активности ја одразуваат нејзината заложба за континуиран личен и професионален развој, но истовремено и напори за афирмацијата и јакнење на капацитетите на институцијата во која работи и твори. Во оваа насока е и нејзината вклученост во бројните организациско-развојни активности и проекти на Универзитететот, како и наведените стручно-апликативни дејности и резултатите од истите.

Врз основа на претходно наведеното, т.е. врз основа на остварените резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (САОР), Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог за кандидатката доцент д-р Билјана Попеска да се избере во звање вонреден професор за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго) на Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
**доц. д-р Билјана Попеска, Факултет за образовни науки**

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 4. | Избор во звање доцент | 30 |
| | **ВКУПНО (НО)** | **30** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор (2,3,5,8,16,17,18,21,23,31,32,34,38,47,48) 15x9=135<br>Втор автор (4,6,7,19,20,22,33) 7x6=42<br>Останати автори (1, 37) 2x3=6 | 183 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>**Странство**<br>(9,10,11,13,14,15,24,25,26,35,36,39,40,41,49,50,53,54,55) 19 x 3=57<br>**Во земјава** (42, 43, 51, 52, 56, 57) 6x2=12 | 12 | 57 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт<br>*CEREPS Summit, 27 – 29th June, 2017, Brussels, Title: After school programs in primary education in Republic of Macedonia.* | | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>**Учество на научен собир во земјава – усно** (1,2,3,9,11,12,13,17,22, 24,25,26,27,29,30,33) 16x1,5=24<br>**Учество на научен собир во странство–усно**<br>(4,6,7,10,14,15,16,18,31,34,40,42,43,44,47,49) 16x 2=32<br>**Учество со постер на научен собир во странство** (48) 1 | 24 | 33 |
| 12 | Раководител на научен проект<br>Second round of HOPS OLS Brain Break Research (2015 – 2017) Implementation of Brain Breaks in Macedonian schools – раководител на истражувачкиот тим од Република Македонија | | 6 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание<br>-Член на уредувачкиот одбор во списанието *Research in Kinesiology.*<br>-Член на научниот одбор во списанието *Activities in Physical Education and Sport* | 8 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал<br>***Во земјата***<br>- Член на научен одбор (Scientific committee) *на International Scientific Conference in the field of physical education "Fundaments of motorical literacy in early childhood development"*<br>- Член на организациски одбор на Internationa scientific conference of the Faculty of educational sciences, 24 – 24 september, 2015, Stip, Macedonia. 2x1=2<br>**Во странство**<br>- Член на меѓународен научен комитет 9th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport", Department of Sport, Sofia University, Sofia, Bulgaria. | 2 | 2 |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди<br>Gold medal за најдобар постер и усна презентација во рамките на натпреварот меѓу FLV во рамките на BRICS Concil of Exercise and Sports Science "Sports Mega Events and Health Promotion: Policies and Legacies in Exercise and Sports Science" | | 10 |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>Рецензент во списанието *Research in Kinesiology*.<br>Рецензент во списанието *Activities in Physical Education and Sport*<br>Рецензент на трудови во зборник на трудови од 1st Simposoim: Kinesiological Education – the present and the future. Faculty of teacher education, University of Zagreb, Croatia. 13 – 15.04.2015, Opatija, Croatia. | 3,5 | |
| | **ВКУПНО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | 344.5 | |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Во земјава (29, 31) 2x2=4 | 4 | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>во земјава (27, 28, 30, 44, 45, 46) 6x2=12 | 12 | |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание<br>- Член на уредувачки одбор (Editorial Board – International Advisory Board) на списанието *Physical Education, Sport, Kinesitheraphy Research Journal*- ISSN 2534-8620 (Online). | | 2 |
| 13 | Учесник во стручен проект (максимум во три проекти)<br>- Erazmus + proect: Te(a)chIn Sport, Co-funded by the Erasmus+ program of the European Union<br>- *Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи.*<br>- Компетенциите на воспитувачите за интеркултурна комуникација | 4 | 4 |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи<br>*Менторски извештај од магистерски труд* | 0,1 | |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела<br>*Управител на универзитетски спортски центар* | 10 | |

| | | |
|---|---|---|
| 28 | Член на факултетски орган, комисија,<br>- *Член на ННС на Факултет за образовни науки*<br>- *Член на работна група за изработка на елаборат за програми за прв циклус студии*<br>- *Член на работна група за изготвување на процедури и инструменти за реализација на психофозичка подготовка*<br>- *Член на комисија за запишување на кандидати на втор циклус студии за учебна 2015/2016* | 8 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | 44,1 |
| | **ВКУПНО (НО+НИСУ+СА) 30+344,5+36.1** | **418.6** |